Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Управа за јавни приходи – Регионална дирекција - Скопје** за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 6 (шест) дрва (3 дудинки, јавор, смоква и кисело дрво) како и кастрење на 15 (петнаесет) дрва (6 јавори, 3 платани, 3 кисели дрва, гледич, дудинка и слива) што се наоѓаат **во дворот на објектот на ул. "11 Октомври" бр. 27 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвата да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 6 (шест) дрва , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Управа за јавни приходи – Регионална дирекција - Скопје, ул. "11 Октомври" бр. 27 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/305** од **28.04.2025** година, за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓаат **во дворот на објектот на ул. "11 Октомври" бр. 27 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило"- Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата што се за сечење се самоникнати во темелите на објектот и причинуваат материјална штета и не постојат услови за пресадување на дрвата, а пак дрвата што се за кастрење потребно е да се намалат врвовите на стеблата поради широкоразгранета крошна и да се изврши подигнување на долните ниски гранки од стеблата.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површини покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и е одлучено 15 (петнаесет) дрва да бидат искастрени, а 6 (шест) дрва да бидат исечени бидејќи е констатирано дека поради состојба на дрвата не постојат услови за пресадување.
На барателот му е наметнато компензациско садење за дрвата за кои е дозволено сечење.

Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/305/2**
**07.05.2025** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

__________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

__________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

__________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи
**Зоран Лапевски**

__________________